26.09.2007

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ *НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА* И *МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА* НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс во весникот "Утрински весник" од 02.07.2007 година за избор на наставник по предметите *Надворешна трговија* и *Меѓународна економија* на Економскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 21.09.2007 година со одлука бр. 0202-266811, нè избра за членови на Рецензетската комисија.

На објавениот конкурс во весникот "Утрински весник" од 02.07.2007 година се пријави само еден кандидат - д-р Ирена Кикеркова, вонреден професор на Економскиот факултет.

По проучувањето на пријавата и на другите конкурсни материјали (научни и стручни трудови поднесени во прилог), Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Ирена Кикеркова, вонреден професор, е родена на 11.09.1964 година во Скопје. По завршувањето на средното образование во Скопје во студиската 1982/83 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје на кој дипломирала на 30.09.1986 година како најдобар студент во генерацијата, со просечен успех 9,67.

По дипломирањето, во учебната 1986/87 година, се запишала на последипломски студии од областа на "Економскиот развој со методи на економската анализа" на Економскиот факултет во Скопје. Во меѓувреме, во ноември 1987 година, се вработила како комерцијален референт во ТРО "Макотекс"-Скопје, каде работела до септември 1989 година. На 01.09.1989 година се вработила на Економскиот факултет во Скопје, како помлад